**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-7173/**

# З А П И С Н И К

**Од 239.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 21.12.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**(скајп)**,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп),**Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска **(скајп),**Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Снежана Јовановска-Одделение за човечки ресурси во МРТ.

Седницата започна во 14.30 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 238.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и одлучување по Жалба со бр.04-6035/16 од 15.12.2023 година против Решение за дисциплинска постапка.

3. Разно.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 238.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 238.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 238.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 238.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и одлучување по Жалба со бр.04-6035/16 од 15.12.2023 година против Решение за дисциплинска постапка.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде вовед во оваа точка и ги стави на разгледување материјалите по Жалбата со бр.04-6035/16 од 15.12.2023 година против Решение за дисциплинска постапка.
Снежана Јовановска од Одделението за човечки ресурси објасни законски како е поднесено Решението за дисциплинска постапка, кој го поднел и врз основа на што.
Од страна на членовите на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по Жалбата со бр.04-6035/16 од 15.12.2023 година и по расправата одлучи:

■По расправата **Жалбата со бр.04-6035/16 од 15.12.2023** година на вработениот Александар Равњански беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **11** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **ја одби** Жалбата со бр.04-6035/16 од вработениот Александар Равњански.

ТОЧКА 3:**Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан допис до Програмскиот совет на МРТ:
-Одлука за избор на програмски содржини со бр.02-6925/1 од 07.12.2023 година.
-Програмски интерес за емитување на фестивал од МТВ2 со бр.14-7139/1 од 19.12.2023 година.
-Одговор од Одгворниот уредник на информативна програма Стојан Трпчевски по повод реакцијата на Косовската амбасада.

По расправата по однос на оваа точка беше предложен **Заклучок:**
-Директорот на МРТ да достави Информација до Програмскиот совет на МРТ кога планира да се исплати регресот за годишен одмор К-15 за вработените во МРТ, бидејќи се ближи крајот на годината.
-По спроведеното гласање Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15.30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател